**Влада на Република Северна Македонија**
-ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ-
Архивски број 04-4565/17
06.08.2019 година
Скопје

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015 , 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015 и 35/2018), а во врска со Интерниот оглас бр. 2/2019 објавен на 18.7.2019 година на интернет страниците на Владата на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за не вршење избор на кандидат за унапредување**

1. За 1 извршител на работите на работното место - Советник за следење и анализа на државни стратегии, кокурентност, деловна клима и проекти помогнати од меѓународната заедница, во Одделението за следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународна заедница, во Секторот за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објави Интерен оглас бр. 2/2019 на 18.7.2019 година на интернет страниците на Владата на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на работно место - Советник за следење и анализа на државни стратегии, кокурентност, деловна клима и проекти помогнати од меѓународната заедница, во Одделението за следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународна заедница, во Секторот за економски политики, структурни реформи и инвестиции.

Со Решение на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија бр.04-4565/8 од 24.7.2019 година беше формирана Комисија за селекција на кандидат за унапредување во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, која на ден 1.8.2019 година спроведе административна селекција и констатираше дека на огласот се пријави само еден кандидат.

По проверка на веродостојноста на доказите и по разгледувањето на доставената документација, Комисијата констатираше дека пријавениот кандидат нема уредна апликација.

Врз основа на Записникот бр. 04-4565/16 од 1.8.2019 година, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија донесе одлука како во депозитот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од објавувањето на веб страницата.

ДОСТАВЕНО ДО :
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски